Број 112 Јануари 2022

# S-WORK






# Одржан 14-тиот Марш на црвените чадори во Скопје

Во рамки на овогодинешната кампања, по повод одбележувањето на 17-ти декември – Меѓународен ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници, ние, сексуалните работници, здружени во СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот заедно со ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Коалицијата МАРГИНИ, го организиравме четиринаесеттиот **Марш на црвените чадори** во Скопје. На маршот присуствуваа околу 100-ина учесници, сексуални работници, активисти и наши поддржувачи. Пред почетокот на Маршот, кој започна пред платото на спомен куќата на Мајка Тереза и заврши на плоштадот Филип II, претставник на нашата заедница даде изјава за медиумите, испраќајки порака до општата јавност и институциите, дека ние, сексуалните работници сме дел од ова општество и треба да ги уживаме нашите човекови и работнички права подеднакво како и останатите граѓани:

„Нашата заедница како една од најмаргинализираните, особено во вакви кризни и тешки времиња, исклучена од владините мерки за помош и заштита и без поддршка од институциите, е овде со една цел: да ја истакнеме потребата од итно донесување на нова правна рамка за регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија и да ги прашаме носителите и спроведувачите на законите ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА КОГА?

Системската дискриминација има создадено бариери,  па многу од нас, сексуалните работници не можат да пристапат до здравствени, социјални и правни услуги, а со тоа ни се негира правото на заштита и поддршка.

Декриминализација значи поголема веројатност за сексуалните работници да живеат без стигматизација, социјална исклученост и страв од насилство.

Сексуалната работа сè уште не е правно регулирана во Република Северна Македонија. Вршењето дејност поврзана со сексуална работа се смета за нарушување на јавниот ред и мир, додека други активности поврзани со сексуалната работа се третираат и казнуваат како кривични дела. Во вакви услови, ние како маргинализирана заедница не сме во можност да работиме во безбедни услови, што пак влијае негативно врз нашата општа благосостојба.

Оттука, бараме итна и неодложна декриминализација на сексуалната работа во земјата и признавање на човековите и работничките права на најстарите работници во светот.

**1.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата е почитување на човековите права и достоинство.

**2.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата помага при заштита од насилство и злоупотреба.

**3.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата ја ограничува полициската злоупотреба и насилство.

**4.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата го подобрува пристапот до правда.

**5.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата ги анулира последиците од кривично досие.

**6.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата го подобрува пристапот до здравствени услуги.

**7.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата го намалува ризикот од ХИВ и сексуално преносливи инфекции.

**8.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата ги унапредува безбедните работни услови.

**9.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата овозможува ефективен одговор на трговијата со луѓе.

**10.** Бараме декриминализација на сексуалната работа затоа што декриминализацијата ја спречува државната контрола врз нашите тела и сексуалноста".

Маршот на црвените чадори беше следен и медиумски покриен со присуство на национални и локални телевизии кои ни дадоа поддршка на настанот преку нивните медиумски прилози и видео снимки од Пресот и Маршот во централните вести и на Интернет порталите.

Во прилог ви пренесуваме дел од атмосферата преку фотографиите на **Ванчо Џамбаски** од овогодинешниот Марш на црвените чадори




ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА
КОГА?
17 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА СТОП НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ
СТАР


ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА
КОГА?
17 ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА СТОП НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ


ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА
КОГА?




# ПРАВО НА СЕКСУАЛНА РАБОТА

Сексуалните работници во Европа деновиве се солидаризираат со нивните шпански колеги, чија влада сака да донесе „сеопфатен закон за ставање крај на проституцијата“. Претставници на Здруженија на сексуални работници на Италија, Холандија и Северна Македонија зборуваат за проблемите со кои секојдневно се соочуваат во своите земји во заедничкото интервјуа за ***„Новости“.***

Шпанскиот премиер Педро Санчез неодамна најави дека Шпанија ќе го ревидира законот за сексуална работа, со крајна цел да ја искорени една од најголемите секс индустрии во светот (после Тајланд и Порторико). Од ОН (Обединети нации) проценуваат дека околу 300,000 жени во Шпанија денес се занимаваат со сексуална работа. Моментално, сексуалната работа во Шпанија е декриминализирана, но сè уште е нерегулирана.

Новиот предлог-закон на владејачката партија на шпанскиот премиер Санчез предвидува „сеопфатен закон за ставање крај на проституцијата“ и се очекува да вклучи систем на казни за оние кои купуваат сексуални услуги, заедно со построги санкции за сопствениците на бордели. Планот на социјалистите е критикуван од оние кои се залагаат за зголемена регулатива наместо искоренување на сексуалната работа. Предводници на ова спротиставување се токму сексуалните работници, здружени во шпанскиот синдикатот Organización de Trabajadoras Sexuales – OTRAS (Организација на сексуалните работници во Шпанија).

Иако работата на здружението OTPAC било спречено од Националниот суд во Шпанија, сепак сексуалните работници не се откажаа и поднесоа жалба до Врховниот суд, кој во летото 2021 година пресудило во нивна корист, тврдејќи дека сексуалните работници „имаат основно право на слобода на здружување и право да формираат синдикат.“

Токму кога пристигнала пресудата во полза на здружението, пристигнале и најавите за донесување на нов закон за сексуалната работа во Шпанија. Здружението во неколку наврати се обратило до владините институции со цел јавно да разговараат за предностите и недостатоците на регулирањето на сексуалната работа, но нивните понуди редовно биле одбивани.

Бидејќи Здружението во моментов е премногу загрозено и не е во можност да се соочи со оваа закана, групи сексуални работници од други земји ги споделуваат своите искуства и мислења за криминализацијата на сексуалната работа и потешкотиите со кои здруженијата на сексуални работници се соочуваат.

-„Сексуалната работа мора да се регулира и декриминализира. Истражувањето поткрепено со бројни докази покажа дека криминализацијата ја зголемува маргинализацијата на сексуалните работници и нивното исклучување од општеството. Најавата на шпанскиот премиер не го зема предвид



негативното влијание на криминализацијата врз животот на сексуалните работници. Не го признава самоопределувањето на сексуалните работници. И што е најпроблематично, шпанскиот премиер не се консултира со организации предводени од сексуални работници во Шпанија. Го поддржуваме легитимното барање на здружението ОТРАС, Владата на Шпанија да ги признае основните човекови права на сексуалните работници и да ги подобри нивните услови за работа"- вели Летонд Хермине Гбедо од италијанскиот Комитетот за граѓански права на сексуалните работници - Comitato per i Diritti Civili delle Prostitute (CDCP).

Комитетот за граѓански права на сексуалните работници е формиран уште пред 40 години токму затоа што сексуалните работници се стигматизирани, обесправени и маргинализирани. Денес, комитетот важи за единствено здружение на сексуални работници кое го крева гласот во дебатите за сексуалната работа во Италија и кое во текот на годините напорно работи против трговијата со луѓе и насилството во сексуалната индустрија, застапувајќи фер услови за работа и подобрување на правата на сексуалните работници.

Во Шпанија, медиумите и владините претставници често тврдат дека околу 90 отсто од сексуалните работници се жртви на трговија со луѓе, иако тоа всушност е само еден процент. ТАМПЕП (Европска мрежа за промоција на правата и здравјето на сексуалните работници-мигранти, која обединува околу 30 организации од Европа) проценува дека помеѓу 80 и 90 отсто од сексуалните работници во Шпанија се мигранти. Миграцијата е основен аспект што треба да се земе предвид кога се анализира сексуалната работа во Европа, бидејќи жените мигрантки се далеку најзастапени меѓу сексуалните работници. Фактот дека некои жени мигрантки се жртви на трговија со луѓе не зборува исклучиво или првенствено за сексуалната работа, туку за суровоста на европските гранични режими, кои ги принудуваат луѓето да се потпрат на (не) милоста на тргувачите во потрага по подобар живот. Колку што е проблем криминализацијата на сексуалната работа, толку е и проблемот со криминализацијата на миграцијата. Чинот на тргување не мора да значи дека тој што е тргуван не знаел дека ќе ја работи работата што ја работи сега во земјата во која доаѓа. Честопати не е дека жените не очекувале да работат како сексуални работнички, туку дека не очекувале да работат во толку лоши услови - дека ќе бидат слабо платени, стигматизирани, изложени на насилство, дека нема да им биде дозволено да зборуваат за нивната работа и условите.

Колективното здружување е еден од главните начин на кој сексуалните работници се обидуваат да ги предизвикаат и променат механизмите на индустријата во која работат. За тоа сведочи слоганот на францускoто здружение на сексуални работници СТРАСС – „Ништо за нас без нас", како и мотото на ТАМПЕП – „Права, а не спас". Пример за ваква работа во последните десет години е и македонскиот колектив СТАР, формиран во 2010 година како Прв колектив на сексуални работници на Балканот.

- „Цврсто веруваме дека декриминализацијата на сексуалната работа е најдобрата политика бидејќи ги подобрува законите, заштитата и безбедноста на сексуалните работници. Тоа значи дека сексуалните работници имаат поголема веројатност да живеат без стигма, социјална исклученост и страв од насилство, да имаат подобри услови за живот и работа. Ние сме против обидите на Шпанија да ја криминализира сексуалната работа и да дејствува против благосостојбата на сексуалните работници" – велат од СТАР, Ивана Ацевска и Ненад Мицов.

Здружувањето на сексуалните работници е исклучително тешко бидејќи често тоа во пракса значи организирање на „самовработени“ работници без редовна или постојана работа и без договор за вработување, мигрантки кои немаат документи или постојано место на живеење. Тоа се работници кои се соочуваат со морална штета, насилство и омаловажување од секаков вид. Веројатно не постои друга категорија работници кои се соочуваат со поголеми предизвици во здружувањето и организирањето. Охрабрувачки е, сепак, што во СТАР расте движењето на сексуалните работници и покрај сите предизвици.

-„Движењето на сексуалните работници во Европа е посилно од кога било и обединува фронтови низ континентот, но и во Централна Азија и на меѓународно ниво. Колективните мрежи и заедниците на сексуалните работници ги здружуваат силите и бараат почитување на човековите права и социјалната правда. СТАР, на пример, како организација основана и предводена од самата заедницата, стана дел од неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа во Северна Македонија, активно соработувајќи со поддржувачите и сојузниците во граѓанското општество. Процесот на декриминализација на сексуалната работа е бавен и напорен, но постои добра политичка клима која може да ги придвижи работите напред. На ниво на заедница, солидарно си помагаме да добиеме услуги и грижа кои никој не ни ги пружа“ - објаснуваат Ацевска и Мицов.

СТАР, како членка на повеќе меѓународни мрежи,како што се SWAN (Мрежата за застапување за правата на сексуалните работници), ESWA (Европската алијанса за правата на сексуалните работници) и TAMPEP (Европска мрежа за промоција на правата и здравјето на сексуалните работници-мигранти), го поддржува здружението OTRAS и сексуалните работници во Шпанија кои се против најавените измени на законот.

Интервјуто е преведено од хрватски на македонски, а оригиналната верзија може да ја прочитате на следниов линк: https://www.portalnovosti.com/pravo-na-seksualni-rad





# „ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ АКО СЕ ЗАРАЗИМЕ?“: СТУДИЈА ЗАСНОВАНА НА ИНТЕРВЈУА СО СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ЗА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 И НЕЈЗИНИТЕ ЕФЕКТИ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Сексуалните работници се соочуваат со единствени и длабоки ризици кои произлегуваат од пандемијата со КОВИД-19. Со цел да се осознаат ефектите на пандемијата врз здравјето и безбедноста на сексуалните работници и да се идентификуваат можностите за интервенција, од мај до август 2020 година беа спроведени интервјуа со сексуални работници, вклучувајќи осум луѓе со различна боја на кожа, осум сисродови жени, пет сисродови мажи, три небинарни лица и една трансродова жена од САД.

Според студијата, поради пандемијата со КОВИД-19, на сексуалните работници им се загрозени можностите за работа, работните услови, социјалната поддршка, здравствените услуги, приходите и набавувањето основни средства за живот, како храна и домувањето. Загубата на овие основни ресурси за сексуалните работници е влошена и поради присуството на стигма и дискриминација, а особено поради криминализацијата на сексуалната работа, која дополнително влијае негативно врз здравјето и безбедноста на сексуалните работници, а оттука

пак се зголемуваат и ризиците од насилство врз оваа маргинализирана заедница. Сексуалните работници не се во можност да преговараат со своите клиенти за побезбеден секс. Овие наоди сугерираат дека на сексуалните работници им е потребна итна и постојана поддршка, при што инвестициите во социјалната поддршка и декриминализацијата на сексуалната работа веројатно ќе имаат најголеми ефекти врз здравјето и безбедноста и после пандемијата со КОВИД-19.

На глобално ниво, се проценува дека има околу 42 милиони активни сексуални работници кои даваат сексуални услуги, вклучително над 1 милион во Соединетите американски држави (САД). Сексуалната работа подразбира размена на сексуални услуги за пари или други материјални добра, помеѓу согласни возрасни лица. Бидејќи директната сексуална работа обично вклучува интимен физички контакт, лицата кои се вклучени во сексуалната работа се под голем ризик од пренос на САРС-КоВ-2. Понатаму, мерките за јавно здравје за заштита и за спречување на ширењето на САРС-КоВ-2 (на пр., мерките за целосно затворање, изолација, за одржување физичко растојание, затворање на местата во кои работат) имаат големо влијание врз професионалниот и личниот живот на сексуалните работници. Дури и пред пандемијата, сексуалните работници во САД - особено оние кои се подложни на дискриминација врз основа на раса, класа и пол - се соочија со значителни здравствени и социјални ризици во однос на ХИВ и други сексуално преносливи инфекции, ментално здравје, физичко и сексуално насилство, стигма и дискриминација.

И покрај ограничувањата на физичките контакти, постојат некои докази дека сексуалните работници биле активно вклучени во намалувањето на ризикот од пренос на КОВИД-19, преку тестирање и откривање на статусот, ограниченото патување и зголемените барања од клиентите за нивно тестирање. Во отсуство на поддршка од јавните здравствени институции и како одраз на долгата историја на нивните ангажмани во јавното здравство, активистите и организациите предводени од заедницата на сексуални работници, се тие кои им даваат поддршка на сексуалните работници за време на КОВИД-19. Во САД, па и во други земји, организациите предводени од заедницата покренуваа инцијативи за помош и поддршка на сексуалните работници. Сепак, и покрај напорите на активистите и организациите кои работат на заштита на правата на сексуалните работници, голем број сексуални работници немаат пристап до клучни здравствени и социјални услуги, ниту пак поддршка и заштита за време на пандемијата.

Оваа студија со директно вклучување на сексуалните работници има за цел да ги претстави ризиците и последиците со кои се соочуваат сексуалните работници за време на пандемијата и да ги идентификува потребите кои произлегуваат од истата, како и можностите за интервенции за ефикасно ублажување на ефектите од пандемијата врз популацијата на сексуални работници во САД и на меѓународно ниво.

*Студијата е спроведена од тим на застапници за сексуалните работници и експерти, вклучувајќи и двајца застапници од SWP (Sex Workers Project).






# КАМПАЊА ENDWHOREPHOBIA ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 1-ВИ ЈАНУАРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА ВИДЛИВОСТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

„Сексуална работничка започнува иницијатива за одбележување на уште еден значаен ден за заедницата на сексуалните работници - Меѓународен ден за видливоста на сексуалните работници кој ќе се одбележува на 1-ви јануари. Со одбележувањето на овој ден, што воедно претставува и годишнина од датумот кога за првпат беше имплементиран Шведскиот модел во 1999 година, има за цел да ја едуцира јавноста за насилството и стигмата врз сексуалните работници, дискутирајќи за недостатокот и споделувањето на ресурси за намалување на штети, како и едукација против Шведскиот модел.

Кампањата EndWhorephobia е родово инклузивна кампања која ги вклучува сите сексуални работници, но особено ги истакнува потребите на хендикепираните, трансродовите сексуални

работници, оние со различна боја на кожа, сексуалните работници кои работат на отворено во небезбедни услови и сексуалните работници–мигранти.

Со оваа кампања се повикуваат глобалните мрежи кои работат на заштита на правата на сексуалните работници, организациите предводени од заедницата на сексуални работници, активистите и поддржувачите да ја споделуваат кампањата на своите социјални мрежи со цел да се зголеми видливоста на сексуалните работници на меѓународно ниво.

Whorephobia или во превод „фобија од курви“ се однесува на негативните стереотипи, стигмата и маргинализацијата со кои се соочуваат сексуалните работници, а произлегува од сеприсутниот страв и омраза кон сексуалните работници.

Овој страв и омраза често се вкрстуваат со стравот и омразата и кон другите маргинализирани групи. Ова подразбира дека некои сексуални работници имаат поголема веројатност да страдаат од последиците од „фобијата од курви“  во нивното општество, конкретно лицата со посебни потреби, припадниците на ЛГБТИ заедницата, сексуалните работници–мигранти, сексуалните работници кои работат на улица, сексуалните работници со различна боја на кожа и во зависност од тоа во која држава живеат и работат сексуалните рбаотници.

Како да ја спречиме „фобијата од курви“?

Можеме да започнеме со:

Подигнување на гласовите на сексуалните работници, особено оние најмаргинализираните;

Да им ја вратиме човечката димензија на сексуалните работници;

Споделување на ресурси за поддршка;

Борба против стигмата и заблуди;

Застапување за декриминализација и борба против Шведскиот модел;

Борба против системското, државното/владиното и личното насилство врз сексуалните работници.

Кампањата започнува на 1-ви јануари со споделување фотографии, стории и видеа за едукација на општата јавност за негативното влијание на Шведскиот модел врз сексуалните работници, под хаштагот #EndWhore-phobia, со цел гласот на сексуалните работници да стигне до пошироката публика.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.